РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - KOMUNA ŠUTO ORIZARI
ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO ŠERUTNO
Бр. 09 - 199/1
24.03.2025 год.
СКОПЈЕ - SKOPJE

Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

# Јавниот повик се објавува во рамките на Програмата за спорт за распределба на средства од Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Право на учество**

– На Јавниот повик може да се пријават спортски здруженија, други правни лица и поединци од областа на спортот;

– Субјектите мора да се формирани и да дејствуваат на територија на Општина Шуто Оризари

**Основни критериуми за учество во Јавниот повик што треба да ги исполнуваат спортските здруженија, други правни лица и поединци од областа на спортот се:**

– проектот да опфаќа млади;

– поттикнување и афирмирање на одреден вид спорт;

– проектната активност да овозможи привлекување на граѓаните и поголема достапност;

– реализирање спортски програмски активности;

– организирање и спроведување систем на натпревари;

– во проектот да е застапена рамномерна старосна и родова застапеност;

– унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;

– активирање на млади во различни категории спорт;

– афирмирање на млади спортисти на домашен и меѓународен план.

**Документација што спортските здруженија и други правни лица од областа на спортот задолжително треба да ја приложат за аплицирање на Јавниот повик:**

– Документација за регистрација на субјектот (**тековна состојба оригинален примерок**) не постара од еден месец, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

– Извештај од спортските здруженија, други правни лица и поединци од обласа на спортот за потрошени средства ако од Општина Шуто Оризари добиле средства за реализација на спортски проект или за учество и напредување во одреден спорт за 2025 година;

– Потврда за активна трансакциска сметка;

– Финансиски план за потребните средства за реализација на проектот со кој се аплицира;

– Пријава за аплицирање што е поставена на веб-страницата на Општината (www.sutoorizari.gov.mk)

– Копии од прилози, фотографии, награди и др.

**Рок и начин на доставување на пријавите:**

Краен рок за поднесување на пријавите е осум (8) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик. Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку емаил на info@sutoorizari.gov.mk или во Архива на Општина Шуто Оризари, ул. ,,Хаџи Јован Шишко,, бр36.

Нема да се разгледува и да се земе предвид пријава што не ја содржи целосната документација што се бара во Јавниот повик.

Градоначалник
на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш